РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

09-2979/3
03-02-2022

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 60 та седница одржана на 28.01.2021 година ја донесе следната

**ОДЛУКА**

Постапката по предметот бр. 09-4035/1 од 25.11.2020 година, оформен по доставена анонимна пријава против службеното лице --------, генерален директор на АД ------- --------, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека наводите од пријавата не се потврдуваат, не е констатирана повреда на Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси, по што нема елементи за натамошно постапување.

Одлуката на ДКСК во анонимизирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Образложение

Предметот со бр. 09-4035/1 од 25.11.2020 година е оформен по поднесена пријава од непознат подносител против лицето ---------, генерален директор на АД --------, со наводи дека во истата институција каде таа ги извршува своите јавни овластувања и должности е вработено лицето --------, нејзино блиско лице (брат), по што истата извршила влијание врз вработувањето на тоа лице.

Во насока на утврдување на фактичката состојба во конкретниот случај, ДКСК побара податоци и документација во однос на вработувањето на лицето ---------, по што беше известена дека такво лице во АД --------- нема вработено, ниту пак е склучен привремен договор за вработување преку Агенција за привремени вработувања, договор на дело, авторски договор, волонтерски договор и сл.

ДКСК КSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

На седницата одржана на ден 28.01.2021 година, по разгледување на сите предметни наводи, ДКСК поаѓајќи од одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси констатира, да се запре постапката за утврдување судир на интереси против лицето -------, генерален директор на АД --------------, бидејќи не се потврдуваат наводите од пријавата и не е утврдена состојба на судир на интереси.

Врз основа на се, погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

По заклучок на ДКСК:
Изработил: К.З., раководител
Одобрил: м-р Ш.С., член на ДКСК